# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО



| „Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска | Година LXVIII Број 5 Куманово 23 март 2023 г. | Претплата за 2023 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939 |
|---|---|---|



**149.**

*Врз основа на член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/2019 и 14/2020 ), член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/2020 и 215/21 и 99/22), член 203 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/2010, 16/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 158/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 52/2012, 13/2013, 25/2013, 54/2013, 170/2013, 187/2013, 34/2014, 106/2014, 113/2014, 145/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 167/2015, 27/2016, 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/2019, 267/20, 151/21 и 288/21), а во врска со член 61 став 3 и став 4 од од Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр.04-6857/1 од 30.10.2020 („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 15/20), Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр.04-7439/1 од 20.09.2022 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 11/22), Општина Куманово (претставувана од градоначалникот Максим Димитриевски) од една страна и Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Р.С. Македонија (претставуван од Претседателот Трпе Деановски) и Синдикалната организација при Локална самоуправа на Општина Куманово, (претставувана од претседателот на синдикалната организација Дарко Станојковски), од друга страна, склучија:*

## КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
## за изменување и дополнување на Колективен Договор за вработените во Општина Куманово

Член 1

Во Колективниот договор за вработените во Општина Куманово бр.04-6857/1 од 30.10.2020 („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 15/20), и Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр. 04-7439/1 од 20.09.2022 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 11/22) во член 28 се менува и гласи :

„ (1) Основната плата на вработените во Територијална против пожарна единица Куманово во состав на Општина Куманово, овластените лица во областа на безбедноста – Пожарникари и Приправниците за професионален пожарникар, се определува врз основа на видот, сложеноста, обемот и одговорноста на работите на

работното место, високиот ризик, стручната подготовка, стекнатите знаења и вештини на кои вработениот работи согласно договорот за вработување.

(2) Платите на вработените во Територијална против пожарна единица Куманово во состав на Општина Куманово, овластените лица во областа на безбедноста – Пожарникари и Приправниците за професионален пожарникар, се утврдуваат со пресметка на вредноста на бодот, поаѓајќи од оцената за сложеноста, одговорноста и условите за работа. Платите се утврдуваат така што утврдените бодови за определно работно место се множат со вредноста на бодот.

(3) Утврдените бодови за работните места на вработените во Територијална против пожарна единица Куманово во состав на Општина Куманово, овластените лица во областа на безбедноста – Пожарникари и Приправниците за професионален пожарникар, се множат со вредноста на бодот и истата вредност се зголемува со коефициент на сложеност од 1.20 согласно одредбите од член 13 од Законот за пожарникарство.

(4) Определените бодови за ниво на работните места на вработените во Територијална против пожарна единица Куманово во состав на Општина Куманово, овластените лица во областа на безбедноста – Пожарникари и Приправниците за професионален пожарникар, соодејствуваат со бодовите за ниво на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација.

(5) Бодовите за работните места за вработените во Територијална против пожарна единица Куманово во состав на Општина Куманово, овластените лица во областа на безбедноста – Пожарникари и Приправниците за професионален пожарникар, ќе се утврдат со посебен акт кој е составен дел на овој колективен договор како прилог, помеѓу Работодавачот и Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Северна Македонија (УПОЗ) преставуван од претседателот на Синдикатот и од претседателот на синдикалната организација при Општина Куманово. “

Член 2

Во Колективниот договор за вработените во Општина Куманово бр.04-6857/1 од 30.10.2020 („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 15/20), и Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр. 04-7439/1 од 20.09.2022 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 11/22) по членот 31, се додава нов член 31-а и истиот гласи:

“ (1) Инспекторите и Кандидатите за инспектор (инспектор под менторство), вработени во Сектор за инспекциски надзор-Инспекторат во состав на општинската администрација на Општина Куманово, со шифра ИНС – инспекциски служби, поради постоење на висок ризик по животот и здравјето при извршувањето на работите и задачите имаат право на додаток на плата во висина од 30% од износот на основната плата, а примената на истиот е започната етапно да се применува од 1-ви Јануари 2020 година додека целосната примена е релизирана до 1-ви Јануари 2022 година на следниот начин а согласно Законот за инспекциски надзор :

1) 10% од 1 јануари 2020 година;
2) 10% од 1 јануари 2021 година и
3) 10% од 1 јануари 2022 година. “

Член 3

(1)Колективниот договор и сите негови измени и дополнувања, јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и на веб страната на потписниците.

(2)Ова Изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово стапува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на неговото објавување.

Бр. 08–2746/1
22 март 2023 година
Куманово

**Синдикална организација при Општина Куманово Претседател Дарко Станојковски, с.р.**

**Синдикат на УПОЗ Претседател Трпе Деаноски, с.р.**

**Градоначалник на Општина Куманово Максим Димитриевски, с.р.**

**150.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115, став 1 и член 118 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19, 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Вук Караџиќ“ Куманово**

1. Вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Вук Караџиќ“ Куманово, Ивица Ѓоргиевски, престанува поради истек на периодот за кој е именуван;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.УП1 08-6115 од 21.09.2022 година;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр.УП1 08-6115 од 21.09.2022 година, Ивица Ѓоргиевски беше именуван за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Вук Караџиќ“ Куманово , за период до шест месеци од денот на именување. Согласно наведените одредби за надлежностите на Градоначалник на Општина утврдени во Законот за основно образование, Градоначалник на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1- 08 – 6115/2022
21 март 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**151.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“), член 115, став 1 и член 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Вук Караџиќ“ Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Дејан Евтимов**, дипломиран професор по математика, професор по математика во ООУ„Вук Караџиќ“ Куманово, за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Вук Караџиќ“ Куманово;
2. Вршител на должност директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањетои ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, беше констатиран престанок на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Вук Караџиќ“ Куманово, врз основа на истек на периодот за кој е избран. Согласно Законот за основно образование, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува вршител на должност директор на училиштето и едно лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должност директор на основно училиште. Постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08 - 2278
21 март 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово
**Максим Димитриевски, с.р.**

## СОДРЖИНА

**149.** КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР за изменување и дополнување на Колективен Договор за вработените во Општина Куманово........................ 179

**150.** Решение за констатирање престанок на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Вук Караџиќ“ Куманово.... 180

**151.** Решение за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Вук Караџиќ“ Куманово........................... 181